СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. 80 од 26 јуни 2012 година

**2118.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за класифицирани информации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јуни 2012 година.

Бр.07-2914/1
20 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Член 1

Во Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 9/2004, 113/2007 и 145/10), во членовите 55 став 3 и 56 став 1 зборовите: „надлежната второстепена комисија на Владата“ се менуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.